**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ТРИНАЕСЕТТАТА седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 14.07.2022 година**

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2022 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Тринаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 14.07.2022 година**

Седницата започна во 10:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Дванаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Дванаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **23 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на статутарно-правната комисија, бр.09-4182/2 од 13.07.2022 година, се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

**9.** Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог-Годишниот план за дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба - Скопје за 2022 година; и

**10.** Предлог - Одлука за примање донација од Здружение на граѓани "Интегритет Алфа и Омега" - Скопје.

**2.2** Согласно барањето од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата за Обнова на Македонија, бр.09-4280/1 од 13.07.2022 година, поднесено од координаторот на советничката група - советник Александар Каровски, се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**11.** Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства за организација на "Илинденски марш 2022".

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точката 9** беше **усвоен** со **15 гласа "ЗА" и 9 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точката 10** беше **усвоен** со **16 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точката 11** беше **усвоен** со **16 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "9", "10" и "11" се составен дел од предложениот дневен ред.

Во согласност со член 18 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, кој став гласи: **"Прашањата се поставуваат и одговорите се добиваат како последна точка од дневниот ред."**, Претседателот на Советот констатираше дека точките "9", "10" и "11" од предложениот дневен ред ќе се разгледуваат како точки **"8", "9" и "10"** а точката 8 - Советнички прашања ќе биде точка **"11"**.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред.

**Александар Саша Димитријевиќ** (коалиција предводена од СДСМ):

Од причина што немаше техничка можност за пренесување на седницата во живо преку live stream на youtube каналот на општината, предложи предложената точка **11.** "Советнички прашања" **да се симне** од предложениот дневен ред.

Во расправата по предлогот за изменување на предложениот дневен ред, учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Драганчо Саздовски.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред беше ставен на гласање и **усвоен** со **24 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "11" е симната од предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за второто тримесечје од 2022 година;

4. Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
5. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година;
6. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03 Блок 02, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2021-2026);
7. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок СИ 03.06, Општина Гази Баба - Скопје;
8. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог-Годишниот план за дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба - Скопје за 2022 година;
9. Предлог - Одлука за примање донација од Здружение на граѓани "Интегритет Алфа и Омега" - Скопје; и
10. Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства за организација на "Илинденски марш 2022".

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година.**

Претседавачот со седницата на комисијата за општествени дејности - м-р **Живко Белчев**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.07.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), м-р Живко Белчев (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и Орде Маневски (Левица).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за второто тримесечје од 2022 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.07.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје - Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за второто тримесечје од 2022 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.07.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје - Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **23 гласа "ЗА".**

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Орде Маневски (Левица), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), д-р Билјана Крстевска (Левица) и Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, со **24 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03 Блок 02, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2021-2026).**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Александар Каровски**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.07.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше претставникот од општинската администрација - Благица Блажевска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03 Блок 02, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2021-2026), со **22 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок СИ 03.06, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше претставникот од општинската администрација - Благица Блажевска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок СИ 03.06, Општина Гази Баба - Скопје, со **16 гласа "ЗА" и 9 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог-Годишниот план за дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба - Скопје за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше претставникот од општинската администрација - секретар Невенка Стаменковска Стојковски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Предлог-Годишниот план за дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба - Скопје за 2022 година, со **16 гласа "ЗА" и 9 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање донација од Здружение на граѓани "Интегритет Алфа и Омега" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање донација од Здружение на граѓани "Интегритет Алфа и Омега" - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

*Коментар од стручната служба:*

Претседателот на советот даде пауза од 10 минути за да се одржи седница на комисијата за финансии и буџет, за да завземе став по однос на **точка 10**.

**По паузата.**

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства за организација на "Илинденски марш 2022".**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 14.07.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Никола Тутевски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за доделување на финансиски средства за организација на "Илинденски марш 2022", со **16 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Тринаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **11:45** часот.

**Број 09-4668/2**
**од 04 август 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот